СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-3237/2

26.12.2024 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 43-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 26.12.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Рамазан Зулбеари, Миѓен Зендели и Неџби Дервиши.

Отсутна беше советничката: Валбона Адили Емини.

На седницата беа присутни и: Фатмир Дехари -Градоначалник на општината, Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Игор Пејоски, Емилија Петкоска -претставници од општинската администрација, заменик директорот на ЈП,,Комуналец", директорот на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков", ВД Директорот на ООУ,,Кузман Јосифоски Питу", директорот на ООУ ,,Д-р. Владимир Полежиноски", директорот на ОУ,, Санде Штерјоски, директорот на ЦОУ,, Христо Узунов", директорот на ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу" с. Србица, директорот на ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу", директорот на ЦОУ,, Милто Гура", директорот на ЦОУ,, Наим Фрашери", заменик директорот на ОУ,, Фаик Коница", директорот на ОУ,,Реџо Рушити", претседателот на училишниот одбор на ОСУ ,,Мирко Милески", претседателот на училишниот одбор на ОСУ ,,Дрита" , ВД директорот на

ЈОУДГ,, Олга Мицеска“, луѓе од дијаспората, како и новинари од ТВ,,Ускана“, ,,Гура“, ,,МТВ“и ,,ТВ 21“.

Претседателот на советот го поздрави Градоначалникот и сите присутни, информирајќи дека оваа седница е значајна, бидејќи се носи Буџетот на општината за 2025 година.

Потоа, Претседателот на советот го стави на усвојување Записникот од одржаната 42-ва седница на Советот на Општина Кичево одржана на 26.11.2024 г. и истиот се усвои со 21 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот информира дека општинската администрација побарала да се повлече 24-та точка од доставениот дневен ред за оваа седница, поради пропусти кои требало да се разгледаат и таа да биде точка на дневен ред за следната седница.

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предог Буџет на Општина Кичево за 2025 година.

2. Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г.
3. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ООУ,,Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.
4. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ООУ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево.
5. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ,, Санде Штерјоски“ Кичево.
6. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Христо Узунов“ с. Другово.
7. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица.
8. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Милто Гура“ с. Стрелци.
9. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,,Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци.
10. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ,, Фаик Коница“ с. Грешница.
11. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ,, Реџо Рушити“ с. Зајас.
12. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОСУ,, Мирко Милески“ Кичево.
13. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОСУ,, Дрита“ Кичево.

14. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево.
15. Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ Р.У.,, Крсте Мисирков“ Кичево.
16. Предлог Програма од обласа за спорт и рекреација за 2025 година.
17. Предлог Програма за активноста на Општина Кичево во обласа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза за 2025 година.
18 Предлог Програма за активности во обласа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2025 година.
19. Предлог План и Програма за решавање на проблемот со бездомни животни на подрачјето на Општина Кичево за 2025 година.
20. Предлог Оперативен План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и остранување на заразни болести).
21. Предлог Програма за родова еднаквост во Општина Кичево за 2025 година.
22. Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во обласа на образованието за 2025 година.
23. Предлог Програма за активностите од обласа на здравствената заштита во Општина Кичево за 2025 година.
24. Предлог Програма за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година.
25. Предлог Програма за финансирање на активностите од обласа на културата од интерес на Општина Кичево и подршка на здруженија на граѓани за 2025 година.
26. Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во обласа на Социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2025 година.
27. Предлог Програма за активностите на Општина Кичево за активностите за заштита од пожари во текот на 2025 година.
28. Предлог Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кичево за 2025 година.
29. Предлог Програма за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец“ Кичево за 2025 година.

30. Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2025 година на Општина Кичево.
31. Предлог Одлука за доделување на социјален стан за користење под закуп.
Дополна
32.Предлог Одлука за кофинансирање на проект.
33. Разно.

Претседателот на советот го стави на усвојување повлекувањето на 24-та точка од дневниот ред Предлог Програма за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година и истото се усвои со 20 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).
Потоа, Претседателот на советот го стави на усвојување предложениот дневен ред за оваа седница, без 24-та точка и истиот се усвои со 21 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предог Буџет на Општина Кичево за 2025 година

Претседателот на советот отвори расправа, а збор зеде:

**Градоначалникот на општината Фатмир Дехари**- Ги поздрави советниците истакнувајќи дека ја вреднува нивната работа, без разлика од која политичка партија доаѓаат. Истакна дека Кичево е Македонија во мало во кој живеат сите заедно македонци, албани, турци, роми итн. И може да се докаже дека може да се создаде иднината. Информира дека овде се присутни и луѓе од дијаспората кои инвестираат во Кичево и се добар пример за соработка со дијаспората. Истакна дека минатата година била успешна и изборна и сега имало нова Влада, за која се надева дека ќе ги почитува граѓаните и ќе ги реализира очекувањата да влеземе во Европа. Потребно е да се реализираат сите проекти за да се оди напред. Информира дека Буџетот бил транспарентно подготвен со учество на сите граѓани во градот и печалбарите. Истакна дека сме најтранспарентна општина во државата и дека секој граѓанин учествува во креирањето на одлуките. А за тоа кажувале институциите во државата. Се заблагодари за присуството на медиумите за сите средби кои ги имале. Информира дека буџетот е

направен врз основа на  предлозите и идеите од средбите одржани  со сите чинители во градот, а за тоа имало завршен извештај на Веб страната на општината. Истакна дека тој буџет не е како предходните и дека тој е барање на сите во општината, бидејќи во неговото изготвување се застапени сите. Информира дека Буџетот изнесува 1.173,960,500 денари и ќе се потрудат да се реализира. Потоа, детално го образложи буџетот. Истакна дека сме прва општина во искористување средства од Европските фондови и во 2025 г. ќе се продолжи со такви проекти и искористување на средства од нив кои како дополнителни средства  ќе се реализираат во Буџетот.

**Абдула Сејдини**- Информира дека Буџетот за 2025 година има зголемување во однос на Буџетот од 2024 г. и има новитети кои требало да се реализираат, нови програми за здравство, образование итн. Го праша Градоначалникот кај донациите од странски држави кои изнесуваат 10 милиони каде планира да ги потроши  4 милиони за 2025 г и за што се предвидени истите.Исто така кај спортот и рекреација се предвидени 32 милиони,дали со планираните 2 милиони за 2025 год. ќе се заврши ,,Јанчица". Кај капиталните расходи имало намалување, кај реконструкција на спортски објекти предвидени биле 15 милиони праша за кои објекти се мисли.

**Градоначалникот**- Информира дека се работи за уредување на спортски објектот на командата кој е во близина на општината и за спортски објект кај ОУ ,,Санде Штерјоски". Намалување имало кај ,,Јанчица", бидејќи изградбата била при крај. Во тек било реновирањето на патот на ,,Рудничка" во износ од 400 илјади евра и тој бил странска инвестиција од Светска банка, ИПА фондовите и Европска Банка.

**Абдула Сејдини**- Информира дека гласале за плановите во училиштата, но сега имало нова реалност. Гласале вработувањата во училиштата да бидат врз основа на балансерот, но сега немало балансер и други механизми за вработување. Дали при вработувањето во образованието за 2025 година ќе се предвидува тој како алтернатива или ќе треба да се извинат што гласале Програма со балансер.

**Градоначалникот**- Информира дека училиштата се самостојни во вработувањата и општината не се мешала. Тоа се вршело врз основа на Законот за основно и средно образование. Политиката не требало да влијае во училиштата. Информира дека му била одзема надлежноста врз 2 училишта во ист ден од страна на Министерството за образование. Министерот не нашол време за тоа да дискутира со него. Предложи политиката да биде подалеку од рацете на училиштата.

**Абдула Сејдини**-Информира дека политиката навлегла многу во Кичево и предложи Министерството за образование, да не ја одзема надележноста на Градоначалникот и тоа да не се повтори.

**Претседателот на советот** информира дека за Буџетот има доставено амандмани. Се пристапи кон нивно разгледување.

Амандман 1

**Михало Данилоски**- Информира дека амандманот е предложен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, 4 години се труделе средствата на граѓаните да бидат на прво местоВо 2021-22 се издвојувале 3 милиони, а сега 7 милиони за социјала, за култура од 3 на 7 милиони и се тоа било добро за сите. Предложи од F10 урбанистичко планирање која изнесува 1 300 000 ден да се смени и да изнесува и 1 000.000 ден, а средставта од 300 000 ден да се префрлат на ставката 464 Разни трнсфери за зголемување на средствата за трансвери за подршка на невладините организации, студенти и здруженија на граѓани. Побара подршка од советот.

**Градоначалникот** -Информира дека урбанистичкото планирање е главна алка за градот, без оглед колку ќе се реализира. Како резултат на него се носат инвестиции. Истакна дека од следната година во нашиот град ќе го има и ,, ЛИДЛ“ кој ќе биде добар приход за развој на градот.

**Бурим Кадриу**- Му предложи на советот да не го прифати амандманот, бидејќи биле предвидени средства за тие граѓани во програмите и немало потреба од такво намалување во таа програма.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 15 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Амандман 2

**Михајло Данилоски**- Информира дека и овој амандман е од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и истакна дека со него се бара во потпрограмата за совет  АОО да се извршат измени. Од ставката 471 социјални надоместоци износот од 600.000 денари да се замени со 800.000 ден. и 200 000 ден да се земат од потставката 426210 репрезентација и наместо 250.000 сега да биде 50.000 денари, со цел да се зголеми социјалната помош на социјално загрозените граѓани.

**Бурим Кадриу**- Предложи да не се прифати амандманот, бидејќи во тие ставки биле предвидени 1милион и 200 илјади денари, врз основа на програмата на комисијата и поднесените барања. Средствата предвидени за 2024 г. биле доволни за таа намена. Од тие ставки неможело да се скрати, бидејќи тие биле доволни за нив.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 15 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАНИ (нема).

Амандман 3

**Михајло Данилоски**- Информира дека и тој амандман е поднесен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и предложи да се зголеми ставката 421400 транспорт на луѓе од 300.000 со 500.000. Средствата да се обезбедат од потставката 426210 репрезентација на градоначалникот и наместо 700.000 сега да биде 500.000 денари и тие да се наменат  за зголемување на средствата за транспорт на ученици од средното образование.

**Бурим Кадриу**- Информира да не се прифати, бидејќи биле предвидени средства од 15 милони денари за 2025 г., затоа што средствата од блок дотациите не биле доволни за тоа.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 15 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАНИ (нема).

Амандман 4

**Михајло Данилоски**- Информира дека и овј амандман е поднесен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и се однесува за измени во потпрограмата Ј80 др. комунални услуги. Се предлага во подставката 425510 ветеринарни услуги износот од 1 500 000 да се замени со 1 900 000 денари, а средства да се префрлат од потставката 421320 телефон и телефакс од програмата АОО на совет за зголемување на средствата за ветеринарни услуги и решавање на проблемите настанати со кучињата скитници.

**Бурим Кадриу**- Предложи да не се прифати, бидејќи биле одвоени средства и за тоа, а од средствата предвидени за телефон се плаќале службените телефони на советниците.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 15 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАНИ (нема).

Амандман 5

**Валентина Лазаревска**- Информира дека овој амандман е предложен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и со него се предлага да се извршат измени во потпрограмата за образование N10 и во подставката 424210- Одржување на згради износот од 3,023,00 денари да се замени со 3623,00 ден. и средства се обезбедат од потставката 464990 од програмата R 10 заштита на животната средина и наместо 5 000 000 да изнесува 4 400 000, со цел да се обезбеди здрава животна средина за учење, со набавка на

прочистувачи на воздух во основните училишта на територијата на општината.

**Бурим Кадриу**- Предложи да не се прифати, бидејќи 90% од буџетските програми се направени врз основа на средбите со институциите и граѓаните, па така е направена и таа програма. Истакна дека во моментот не се подготвени за таква промена.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со 7 гласа ЗА. 14 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Бурим Кадриу**- Информира дека имало уште една измена и тоа кај приходите во 741141 да се зголеми за 29 милиони заради плаќање на документацијата на операторите кои не биле платени во 2024 и да се платат во 2025 г.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предог Буџетот на Општина Кичево за 2025 година со предложената измена и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Градоначалникот**- Се заблагодари за усвојувањето на буџетот од страна на советниците, за подршката и конструктивноста. Се заблагодри за амандаманот на Вале. Побара да се подигне гласот и истакна дека во последниот попис на државата не биле предвидени преставниците од дијаспората. Според пописот во општината имало 56.721 жители од кои 36 илјади се неризидентно население. Дијаспората инвестирала овде и потребно било да се опфати, а не да се трга. Информира дека за наредните локални избори според бројот на жители во градот се губат 3 советници. Истакна дека е потребно тоа да се корегира и да се има почит кон дијаспората, а не таа да се дискриминира. Се заблагодари на сите и посака успешна и плодна година.

**2. ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г

**Бурим Кадриу**- Ја образложи Одлуката и информира дека има некој технички пропусти во неа кои ќе се корегираат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу" Кичево

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу"-** Информира дека блок дотацијата е 45 милиони денари и од нив најмногу се планирани за плати и надоместоци, а останатите сретства се распоредени по ставки.

**Абдула Сејдини**- Го поздрави ВД Директорот, му посака успех и праша дали има грижа за тоа што ги прекинал договорите на 7-8 вработени од самиот почеток на преземањето на должноста и праша која била причината за прекинот на договорите.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу"-** Информира дека тоа не било точно и дека имал погрешна информација. Истакна дека за тоа можел писмено да му одговори или да појде во училиштето**.**

**Абдула Сејдини-** Информира дека тие биле основачи таму и го интересирало која констатација не била точна и дали договорите не биле прекинати.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу" –** Информира дека училиштето објавило Јавен оглас врз основа на добиена согласност за вработување и изборот бил извршен на тие кои ги исполнувале условите. Договорот бил прекинат поради истекот на рокот за кој тие биле примени.

**Абдула Сејдини**- Праша дали личностите на кои им бил прекинат договорот не ги исполнувале условите и информира дека изборот се правел врз основа на тоа кој бил предходно таму вработен.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу-** Информира дека нерекол дека работниците кои работеле таму не ги исполнувале условите или биле несоодветни, туку само дека им бил поминат рокот на договорот за кој биле примени.

**Иванчо Божиноски**- Праша дали ниту еден од предходно ангажираните не ги исполнувал условите, критериумите за склучување на нов договор. Информира дека тука се работело за политика и дека и минатиот пат кога биле ангажирани лица од ВМРО, со доаѓањето на СДСМ на власт, ниту едно лице не било избркано, тоа било политичка хајка против предходно вработените.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу –** Информира дека им бил истечен договорот за кој биле вработени и дека со јавен оглас се избрани нови лица.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека, тоа било тоа што не го разбирал директорот, политичка хајка и дека неможело никој од нив да не ги исполнувал условите.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу-** Информира дека тоа не било точно и да не манипулираат со јавноста.

**Претседателот на советот** - Истакна дека тука ВД Директорот бил пред неговиот основач и требало да внимава како се однесува пред советниците.

**Абдула Сејдини**- Уште еднаш праша зошто било така и дека во тој случај требало да има кривична пријава во однос на предходниот директор, бидејќи тие што биле предходно вработени не ги исполнувале условите, а биле примени. Истакна дека не навлага во тоа дали тука имало или не политика, но не разбира како е можно да се прекине договорот на некој кој работел 3-4 години и да се примат нови.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу-** Информира дека рекол дека е поминато времето за кое биле вработени, а не дека не ги исполнувале условите. Со јавниот оглас бил извршен избор и немало приговори за изборот, единствена причина била времето кое било истечено за кое биле примени и затоа е објавен јавен оглас.

**Игор Стојаноски**- Информира дека не бранел никој и дека предходно градоначалникот рекол дека му се одземени надлежностите на некои училишта. Истакна дека тука биле за финансискиот план на училиштето и требало да се држат до дневниот ред. Предложи да заврши политичката дискусија и доколку советниците сакале да биде така за наредната седница нека биде како точка на дневен ред и се разгледа вработувањето.

**Тефик Лутвиу**- Информира дека ВД Директорот трбало да знае дека тие биле основачи и тие не знаеле од кого и како тој бил именуван за ВД Истакна дека е потребно подетално да образложи за вработувањата, и да не се наштети на никој.

**Абдула Сејдини**- Информира дека нему му дошле  жалби од две семејства на кои им бил прекинат договорот, немало политика тука, туку ја наведувал грижата на тие семејства и барал да се кажат причините за тоа.

**Игор Стојаноски**- Информира дека во тој случај и нему му бил избркан, прекинат договорот на негов внук и побара ако сакаат советниците на следна седница  за тоа да се разгледа и разговара, како точка на дневен ред. Овде точка на дневен ред бил финансискиот план. Истакна дека неколку пати такви случаи имале тука, како и за останати претпријатија за нивните финансиски палнови, се ветувало многу со нив, но немало никакво подобрување.

**Абдула Сејдини**- Информира дека го загрижува тоа што им биле прекинати договорите и дека немал проблем со финансискиот план, тука бил ВД Директорот и  требало да се искористи неговото присуство за да одговори и за тоа.

**Михајло Данилоски**- Информира дека ако имало недостатоци во вработувањето, за тоа имало други институции кои требало да решат, а во однос на финансискиот план немал забелешки и тој требало да се донесе.

**Абдула Сејдини**- Информира дека финансискиот план бил преведен во ,,ексел“, а не и останатото.

**Михајло Данилоски**- Информира дека требало да биде целосно преведен, но како и се останато до сега, можеле да му дадат да згреши 3-4 пати.

**ВД Директорот на ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу-** Информира дека ќе ја прифати забелешката и ќе се преведе целосно.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ООУ,,Кузман Јосифоски Питу“ Кичево и истиот не се усвои со 7 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. 13 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советничката Валентина Лазаревска се иззема од гласање, бидејќи е вработена во училиштето.

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ООУ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево

**Директорот на ООУ,,Д-р Владимир Полежиноски**“- Информира дека е изготвен финансискиот план за нивното училиште и им е доставен.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ООУ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Санде Штерјоски“ Кичево

**Директорот на ЦОУ,,Санде Штерјоски**“- Го образложи планот.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во финансискиот план што им е доставен имало една графа во која стоело ,,Дрита“ 2014, праша дали тоа било техничка грешка.

**Директорот на ЦОУ,,Санде Штерјоски-** Информира дека тоа било техничка грешка и дека тоа ќе се корегирало.

**Абдула Сејдини-** Информира дека во ставка 42110-електрична енергија во 2024 стоело 0, а во 2025 600.000 предвидени средства, праша зошто е така и дали тоа не било техничка грешка.

**Директорот на ЦОУ,,Санде Штерјоски-** Информира дека биле блокирани извесно време и менанџирала општината тогаш и затоа било 0, а сега менанџирал тој и затоа биле предвидени 600.000 денари.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ОУ,, Санде Штерјоски" Кичево и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Христо Узунов" с. Другово

Директорот на ЦОУ,, Христо Узунов"- Информира дека финансискиот план бил околу 33 милиони, од кои 31 милион за плати, а останатото за тековни трошоци.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ЦОУ,, Христо Узунов" с. Другово истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ООУ ,, Ѓ.К.Скендербеу" с. Србица

**Директорот на ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу**"- Го образложи финансискиот план.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу" с. Србица и тој се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Милто Гура" с. Стрелци

**Помошник ВД Директорот на ЦОУ,, Милто Гура"**- Го образложи планот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ЦОУ,, Милто Гура" с. Стрелци и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Наим Фрашери" с. Јагол Доленци

**Директорот на ЦОУ,, Наим Фрашери**“- Го образложи финансискиот план.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЦОУ,, Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ,, Фаик Коница“ с. Грешница

**Заменик Директорот на ОУ,, Фаик Коница**“ - Информира дека е овластен од директорот да присуствува и го образложи планот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ ,, Реџо Рушити“ с. Зајас.

**Директорот на ОУ,, Реџо Рушити**“- Го образложи планот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ОУ ,, Реџо Рушити“ с. Зајас и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОСУ ,, Мирко Милески“ Кичево

**Претседателот на училишниот одбор на** ОСУ ,,Мирко Милески“- Го образложи финансискиот план.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ОСУ,, Мирко Милески“ Кичево и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОСУ ,, Дрита“ Кичево

**Претседателот на училишниот одбор на** ОСУ,,Дрита“- Го образложи финансискиот план.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ОСУ,, Дрита“ Кичево и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**14. ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансиски план за 2025 г. во ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево.

**ВД Директорот**- Информира дека на должност стапила на 08.10.2024 г. и го образложи планот.

**Сибел Туфекџи**- Информира дека немала забелешки за планот, но сакала лично да го изнесе својот став да се води сметка за дел од вработените, да се контролираат и да се изврши смена на одредени воспитувачи. Побара ментално да не се малтретираат децата и да се преземат мерки за тоа.

**ВД Директорот**- Информира дека ќе се преземат мерки.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**15. ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2025 г. во ОУ Р.У ,, Крсте Мисирков“ Кичево

Директорот на ОУ Р.У,, Крсте Мисирков“ - Го образложи планот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2025 г. во ОУ Р.У,, Крсте Мисирков“ Кичево и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**16. ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Програма од областа за спорт и рекреација за 2025 година

**Валдет Селими**- Информира дека спортските здруженија на состанокот во општината кој бил во мал одзив, не предложиле некои нови идеи, туку барале само зголемување на сретствата. Потоа, ја образложи Програмата, истакнувајќи дека сретствата од неа ќе се реализираат преку Јавен повик.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата од областа за спорт и рекреација за 2025 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Програма за активноста на Општина Кичево во областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза за 2025 година.

**Игор Пејоски**- Информира дека општината согласно Законот за управување со кризи и Законот за заштита и спасување требало да донесе таква Програма. Потоа ја образложи програмата

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програма за активноста на Општина Кичево во областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза ЗА 2025 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**18. ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предог Програма за активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2025 година

**Емилија Петкоска**- Ја образложи Програмата и информира дека е почнато со реализација на проект во населбата ,,Девеана“ за селектирање на отпадот во посебни канти. Истакна дека и во 2025 г. ќе се доделуваат инвертер клими.

**Михајло Данилиски**- Информира дека секоја година во програмата имало предвидено чистење на каналите во с.Србјани и с.Другово, но реализација за тоа немало.

**Емилија Петкиска** – Информира дека вчера се чистел каналот во ,,Иванидол“ и истакна дека за наредната седница ќе им достави извештај за тоа што е сработено.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предог Програмата за активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог План и Програма за решавање на проблемот со бездомни животни на подрачјето на Општина Кичево за 2025 година

**Емилија Петкоска**- Информира дека програмата е направена со стручно мислење на ветеринарните лекари, а потоа ја образложи.

**Игор Стојаноски**- Праша дали во Програмата е предвидено изградба на стационар за кучиња и како е предвидено тоа за наредниот период.

**Емилија Петкоска**- Информира дека имало Проект за изградба на стационар, но проблем од страна на населението било неговата локација.

**Олгица Попоска**- Праша дали во врска со обештетувањето од граѓаните кои се каснатите од кучиња. Дали е поголем бројот на тие со спогодба или е поголем бројот на тие што одат преку адвокат. Истакна дека во програмата имало предвидено и странска донација од 20 милиони денари за тој проект.

**Емилија Петкоска**- Информира дека парите биле за таа намена, а во врска со обештетувањата истакна дека имало луѓе кои биле заинтересирани за спогодбено решавање, но поголем бил бројот на тие што одат преку адвокат.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Планот и Програма за решавање на проблемот со бездомни животни на подрачјето на Општина Кичево за 2025 година и истиот се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Оперативен План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и отстранување на заразни болести).

**Емилија Петкоска**- Информира дека секоја година, па и оваа е изготвен таков план за заштита на населението.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека кај успешност во програмата имало предвидено мониторинг. Праша дали имало процена за тоа во секоја фаза од програмата и што требало да се преземе ако немало ефект од тоа.

**Емилија Петкоска**- Информира дека мора да има ефект, бидејќи третманот со прскање го вршеле на терен епидемиолози. Општината вршела контрола дали е тоа спроведено.

**Валентина Лазаревска** – Праша што ќе се случело ако третманот немал ефект.

**Емилија Петкоска**- Информира дека неможело да нема ефект, бидејќи тоа го правела цела Македонија, а контрола правел Државниот здравствен и пазарен инспекторат.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Оперативниот План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и отстранување на заразни болести) и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**21. ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Програма за родова еднаквост во Општина Кичево за 2025 година

**Претседателот на советот** праша дали некој има нешто да праша и бидејќи никој не се јави за збор ја стави на усвојување Предлог Програмата за родова еднаквост во Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 21 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**22. ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на образованието за 2025 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека програмата е направена врз основа на идеите и барањата од младите и директорите на одржаните средби во општината за нивно вклучување во буџетот.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека прв пат се носела таква програма и таа ги содржела важните аспекти. Побара кај точка 1 да биде посебно основното, посебно средното училиште и да имало промена кај наставата во оделенска и предметна настава и да се воведе наградување и за менторите. Праша на кој начин ќе се одредувал критериумот за најдобар ученик во основното и средното образование.

**Бурим Кадриу**- Информира дека со таа програма се одредени рамките, а училиштата со Секторот за образование ќе ги одредат критериумите за начинот на одредување на најдобар ученик.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на образованието за 2025 година и истата се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**23. ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите од областа на здравствената заштита во Општина Кичево за 2025 година.

**Бурим Кадриу**- Информира дека ова било програма каде за прв пат се преземаат активности за здравствената заштита, за здравјето на жените за канцер од дојка, за дијабет, за аутизам за ХИВ, опрема за здравствени установи итн.

**Олгица Попоска**- Информира дека и е чест што оваа програма по три години влегува во буџетот и дека таа е многу битна за здравјето на населението. Посака нејзина реализација и доколку е можно и таа да биде вклучена во неа.

**Валентина Лазаревска**- Инфромира дека во последно време е акутно заштитата на менталното здравје и предложи и тоа да се предвиди, бидејќи влегло во основнотот образование.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите од областа на здравствената заштита во Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Председателот на советот даде пауза од 10 минути. По паузата седницата продолжи.

Бидејќи 24 точка беше повлечена од дневен ред за наредната седница, се премина на:

**25.ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Програма за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на Општина Кичево и подршка на здруженија на граѓани за 2025 година

**Претседателот на советот** праша дали има некој за збор, но бидејќи никој не се јави ја стави на усвојување Предлог Програмата за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на Општина Кичево и подршка на здруженија на граѓани за 2025 година и истата се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**26.ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на Социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2025 година

**Бурим Кадриу** јаобразложи програмата.

**Олгица Попоска**- Информира дека како здравствено лице секој ден била сведок на жртви на семејно насилство, но тие немало каде да се згрижат. Предложи да се предвиди изградба на центри за нивно згрижување. Ако може општината да ослободи простории во соработка со Центарот за труд и социјала за нивно згржување.

**Бурим Кадриу**- Инфромира дека се спремни за соработка и соработувале со нив со народната кујна.

**Олгица Попоска**- Предложи да се изгради и старачки дом со Јавно приватно партнерство, бидејќи и тоа било проблем.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на Социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2025 година и истата се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**27.ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево за активностите за заштита од пожари во текот на 2025 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека оваа програма за прв пат се предвидува и во неа имало предвидено средства за плати, униформи обуки, набавка на нови автомобили за пожарникарите, за доброволни здруженија итн.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на Општина Кичево за активностите за заштита од пожари во текот на 2025 година и истата се усвои со 20 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**28. ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА**: Предлог Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кичево за 2025 година

**Заменик Директорот на ЈП„Комуналец**"- Информира дека со неа се предвидени начинот и динамиката на собирање на отпад, целите и организацијата за нив.

**Арѓент Асани**- Праша дали во неа е предвидено собирање на отпадот на територијата на целата општина, а не само во Зајас од поранешните општини.

**Заменик Директорот на ЈП„Комуналец-** Информира дека пречка за собирањето на отпадот било непостоењето на депонија. Со балирачката ќе се намалел дел од отпадот, но била потребна депонија.

**Игор Стојаноски**- Информира дека во близина на општината, кај старите гробишта имало една мини депонија на која имало расфрлано стари контињери и канти, а за тоа били криви и граѓаните со нивната несовесност. Предложи таму да се стават нови канти.

**Заменик Директорот на ЈП„Комуналец-** Информира дека тоа ќе го имаат во предвид да се направи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 14 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). 5гласа ВОЗДРЖАНИ .

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**29.ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец" Кичево за 2025 година

**Заменик Директорот на ЈП,,Комуналец-** Ја образложи програмата информирајќи дека немала измени од предходната година.

**Игор Стојаноски**- Праша зошто во планот за јавни набавки за 2025 г. стоело возило ,,пајак" 2 милиони денари и нешто и услуга за ,,пајак" возило 3 милони денари, побара појаснување за тоа.

**Заменик Директорот на ЈП,,Комуналец-** Информира дека 2 милони денари за камионот ,,пајак" е предвидено за 2024 г. и тука било предвидено тоа што небило реализирано, а 3 милони било грешка, бидејќи ако се земело немало потреба од тоа, немало потреба од паралелно вршење, ако има возило.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали знае директорот дека во с. Осој немало вода и што бил проблемот.

**Заменик Директорот на ЈП,,Комуналец-** Информира дека е запознат со тоа. Летно време повеќе се трошела вода и снабдувањето било со електрични пумпи, па повисокиот дел немал вода. Имало проект со с. Раштени да се направи резервоар и тоа ќе се решело. Информира дека не било постојано така, туку само кога електричните пумпи имале дефект, а кога ќе се поправеле не било така.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека не било точно дека немале вода по неколку дена, туку тоа било константно така.

**Игор Стојаноски**- Информира дека кај табелата остварени приходи кај погребални услуги имало предвидено 3 милиони и 360 иљади денари. Состојбата таму не била променета со години. Побара од тие 360 иљади денари да се издвојат за реновирање таму.

**Заменик Директорот на ЈП,,Комуналец-** Информира дека за гробиштата немало нови цени 10 години. Комунална такса за таму се плаќала од 60 денари. Се надева дека состојбата ќе се подобрела таму.

**Иван Божиноски**- Праша дали можело нешто конкретно да се види таму, на пр. за две недели. Предложи двајца работници да појдат таму и да заметат. За тоа реагирале сите граѓани, а не само Игор.

**Заменик Директорот на ЈП,,Комуналец-** Информира дека од утре таму ќе имало нови контиѓери, а другото зависело од временските услови за да има таму екипи на терен.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец" Кичево за 2025 година и истата се усвои со 13 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ . 5 гласа ВОЗДРЖАНИ .

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**30.ТРИЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2025 година на Општина Кичево

**Претседателот на советот** праша дали има некој за збор, но бидејќи никој не се јави ја стави на усвојување Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2025 година на Општина Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**31.ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за доделување на социјален стан за користење под закуп

**Претседателот на комисијата** за социјални дејности и соработка со невладини организации Даниела Попоска го прочита извештајот од одржаниот состанок на комисијата.

**Претседателот на советот** праша дали има некој за збор, но бидејќи никој не се јави ја стави на усвојување Предлог Одлуката за доделување на социјален стан за користење под закуп и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**32.ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за кофинансирање на проект

**Секретарот на општината**- Информира дека се работи за кофинансирање на проект за реконструкција на административната зграда во општина Кичево на ул.,,Маршал Тито“ т.н Инспекторат. Проектот бил финансиран од Бирото за регионален развој преку Југозападен плански регион. При изградбата се појавиле кусок на средства кои Бирото не прифаќало да ги исплати. Доколку се изгласала оваа Одлука општината ќе учествувала со 394.659.00 денари.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали станува збор за Југоисточен или Југозападен регион, бидејќи така било напишано во Одлуката.

**Секретарот на општината** - Информира дека се работи за Југозападен регион.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за кофинансирање на проект и истата се усвои со 13 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

33.**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**:Разно

**Валентина Лазаревска-**Праша дали е проследено барањето од М.З Кленоец, бидејќи немале повратен одговор.

**Секретарот на општината-** Информира дека неколку пати се сретнала со нив. Во моментот немала одговор, барањето било земено во предвид и тековно за тоа ќе известела.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 14 часот и 30 минути.

Совет на општина Кичево

Записничар — Претседател

Ленче Србиноска — Скендер Џабири